**Вклучување на граѓаните во Програмата за решавање на проблемот со бездомните животни – воведување на статус „Старател на бездомни животни“**

Физичко лице кое доброволно со сопствените средства, обезбедува храна и ветеринарна помош и грижа на напуштени животни-кучиња во општината во која живее, континуирано го следи статусот, се смета како СТАРАТЕЛ на бездомни животни.

Со својот волонтерски ангажман и пружени информации овиле лица ја помагаат Општината да поквалитетно ги врши дејствијата од областа на зоохигиената на територијата на општината и се сметаат, во смисла на оваа Програма за важна компонента во процесот на контрола на бездомните животни кои се наоѓаат на јавните површини од општината.Овие лица се грижат за напуштени животни во согласност со важечките законски прописи во областа на ветеринарната медицина и благосостојбата на животните во исто време не го загрозуваат мирот и безбедноста на граѓаните и животната средина.

Освен што директно и помагаат на општината преку грижа и хранење на животните, при што директно и индиректно придонесуваат кон колективната здравствена заштита и контрола на популацијата на бездомните животни, нивниот ангажман помага и во обезбедување на информации (бројка на стерилизирани/нестерилизирани животни; бројка на починати животни и сл) на општинските служби.,

Во интерес на општината е да одржува интензивна соработка меѓу државните институции, ЕЛС и старателите, се со цел здравствената заштита на луѓето, животните, општата безбедност и хуман третман кон бездомните животни. Светските искуства покажуваат дека ангажирањето на оние граѓани кои се грижат за животните е незаменливо и од суштинска важност (обезбедува бесплатна волонтерска помош) за контролата на бездомните животни по нивното враќање на улица.

Лица кои се грижат за напуштени животни се евидентирани во одделението за комунални дејности на единицата на локална самоуправа.

Евиденцијата содржи податоци за овие лица (име, матичен број , адреса на лична карта, општина, моментален престој адреса, телефонски број и e-mail адреса, име на здружението за заштита на животни ( ако физичкото лице е член на здружение), како и информации за напуштените животни нивна грижа (број на микрочипови кај кучињата, локации каде што живеат ).

Старателот на бездомните животни пријавува и може да пружа асистенција на службата за заловување со цел животните кои не се стерилизирани да бидат заловени и да подложат на третманот на овариохистеректомија и орхиектомија, дехелментизација, идентификација и повторно враќање на територијата на која биле заловени, како и да помогне во процесот на вдомување на што поголем број бездомни животни.